РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 13-1463/1
15.02.2013 год.
СКОПЈЕ

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА во СКОПЈЕ

| Примено: | 8.3.2013 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 792 | | |

08.03.2013

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11 и 123/12), министерот за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на тригодишни докторски студии по Безбедност на храна на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на тригодишни докторски студии по Безбедност на храна на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

По добиеното, од страна на Одборот за акредитација и евалуација, Решение бр.12-223/2 од 25.07.2012 година за акредитација на студиската програма од трет циклус на тригодишни докторски студии по Безбедност на храна, Факултетот за ветеринарна медицина, при Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје се обрати со барање бр. 03-3212 од 24.10. 2012 година, до Министерството за образование и наука, под наш број 13-8090/1 од 24.10.2012 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на горенаведената студиска програма.

Министерот за образование и наука, со Решение бр. 13-8090/2 од 06.11.2012 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 04.02.2013 година, изврши увид и изготви извештај бр.13-8090/3-12 од 04.02.2013 година, каде е наведено дека за горенаведените студиски програми од трет циклус на тригодишни докторски студии на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје се исполнети условите за почеток со работа, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11 и 123/12) и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" број 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова решение може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**МИНИСТЕР,**
**м-р Панче Кралев**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА 2 СКОПЈЕ

Доставено до:
- Примач
- Архива

изготвил: Нухи Ајдини
прегледал: Борчо Алексов
одобрил: д-р Агим Рушити